# ДЕКЛАРАЦИЈА
# ЗА НАУЧНА И КУЛТУРНА СОРАБОТКА И МИР НА БАЛКАНОТ

Поаѓајќи од:

– сопствените сознанија и творечка доблест;

– заклучоците на Светската асоцијација на академиите на науките, националните академии организирано да даваат независни мислења на нивните влади, станувајќи сè поголема сила за мудро донесување на одлуки;

– препораките на ALLEA, националните академии да делуваат како советници на своите влади, учесниците на Меѓународната конференција „Балканот во новиот милениум" ја упатуваат следнава

## П О Р А К А

Со последните децении на XX век започна историскиот процес на обединувањето на Европа. Изолираноста на одделните држави на европскиот континент, особено од неговиот југоисточен дел, им отстапува место на интеграционите процеси што се случуваат на сите нивои во сферата на политиката, економијата, науката и културата. Тие неминовно веќе ја проникнуваат и целокупната балканска заедница на народи во обликувањето на тој нов, модерен и европски Балкан, којшто се наоѓа во процес на регионално, средоземско и европско интегрирање и соработка.

Големите научни потенцијали со кои располагаат балканските академии ќе се ангажираат да се осмисли сушноста на новата балканска интеграција и поврзување, откривајќи ги сите видови на нивната заемна обусловеност, особено во следните приоритети:

***1. Регионална соработка.*** Проширување на регионалната соработка во економијата, науката, технологијата, инфраструктурата, екологијата, уметноста, спортот, здравството, туризмот, со што ќе ги интензивираат сите основи за создавање на еден нов, европски Балкан. Во наши раце е да ги одредиме денес

предусловите за живеење според принципите на човечноста и врз нив да го разгориме духот на балканските творечки потенцијали.

***2. Научно-технолошка интеграција.*** Еколошката, енергетската, сообраќајната, биотехнолошката и информатичката интеграција на Балканот, како предуслов за одржлив развој на регионот да се засновува со интензивирање на заеднички истражувачки проекти од овие области, со воспоставување мрежи на регионални истражувачки центри и размена на научни и технички информации, како и со основање заеднички научни списанија.

***3. Поддршка на науката.*** Неопходна е понагласена финансиска поддршка на Европската унија за развој на науката и задржување на научниот потенцијал во Балканските земји и нивната интеграција. Балканските влади треба да го зголемат потпирањето врз сознанијата на науката, во определувањето на основните правци на економската, социјалната и културните приоритети на земјата и на реформите за постигнување на условите и стандардите за интегрирање во Европската унија.

***4. Заедничко законодавство.*** Сите балкански земји влегоа во новиот милениум со прифатени принципи на владеење на правото. Меѓутоа, уставните норми и општествената реалност и примена, значително се разликуваат. Поаѓајќи од тезата дека само со владеењето на законот може да се реши судирот на интереси меѓу луѓето, социјалните групи, нациите и државите, сметаме дека условот за мирољубив и напреден Балкан е во строгото применување на начелата на владеењето на правото како појдовна точка и на внатрешен план, во односите меѓу балканските земји во рамките на Европската унија и пошироко. Тоа ќе се постигне со систематски компаративни студии врз основа на кои ќе се усогласат правните системи во балканските земји. Сообразувајќи се со европскиот правен систем, тие ќе потпомогнат за воедначување и на малцинските права во балканските земји.

***5. Нова културна идеја.*** Поттикнување на една нова културна интеграција на Балканот, и нов културен дијалог, со отрезнување од фантазмите на национализмот, кои придонесоа за поделбите и агресивната и ексклузивна контаминација на Балканот; и со негување на максимална толеранција, разбирање и почит за другиот, соседот, за човештвото воопшто. Ова не е само морална обврска, туку неодминлив предуслов културната идеја да прерасне во неопходна

потреба кај народите на Балканот, сè уште оптоварени од висок степен на меѓусебна недоверба.

***6. Надминување на историските баласти.*** Како еден од пресудните фактори за стабилизацијата на Балканот, создавањето на клима за афирмација на политичката соработка и за неговото влегување во модерниот свет на XXI век, неопходно е рационалното надминување на баластите од минатото врз основа на критичката историска наука и изградбата на политичкиот субјективитет врз начелата на либералната демократија, слободниот политички дискурс и со образовен систем што ќе биде мултикултурен и вон тесните идеолошки императиви. Да ѝ кажеме „збогум“ на актуелната „балканизација“ и да докажеме дека балканските народи се неразделив дел од Европа.

Учесниците на Меѓународната научна конференција „Балканот во новиот милениум“ се уверени дека заедничката балканска иднина треба да се гради врз начелата: мир наспроти војна; толеранција во животот со другите; признавање на полиморфните погледи на светот и на животот, признавање на другиот и поинаквиот со научни вредности и со лична своеобразност; моќта на расудување подготвена на дијалог и нужноста од преговарањето.

БИЛТЕН НА МАНУ, ГОД. XXVIII, БР. 1, 2001